# Слободната трговија е најдобрата политика

Спектарот на протекционизмот расте. Тоа е секогаш неразумна и будалеста политика, но посебно е опасна во време на економска криза при што се заканува да ја оштети светската економија.

Чудниот принцип на протекционизмот е дека националниот просперитет расте кога Владата ќе обезбеди монополска моќ на домашните производители. Низ вековите економската мисла, историското искуство и емпириските студии постојано покажуваат дека овој принцип е „тотално погрешен“.

Протекционизмот создава сиромаштија, а не просперитет. Протекционизмот дури и не ги “штити” домашните работни места или пак индустрии; напротив, ги уништува, со нанесување штета на извозните индустрии и индустриите кои се потпираат на увоз за производство на нивните продукти. Зголемување на локалните цени на челикот поради „заштита“ локалните компании на челикот ги зголемуваат трошокот на произведување коли и другите добра направени од челик. Протекционизмот е неразумна игра.

Но фактот дека проекционизмот го зголемува богатството не е најлошата последица. Протекционизмот го уништува мирот. Тоа е доволно оправдување за сите граѓани со добра волја, сите пријатели на цивилизацијата, да зборуваат гласно и јавно против економскиот национализам, идеологија на конфликт базирана на незнаење и спроведена во пракса преку протекционизмот.

Пред 250 години, Монтескје објави: „Мирот е природниот ефект на трговијата. Две нации кои се разликуваат меѓусебно стануваат реципрочно зависни, имено, доколку едната има интерес за купување, другата има интерес за продавање, и така нивната унија е базирана брз нивните меѓусебни потреби. “

Највредниот производ на трговијата е мирот. Трговијата  промовира мир, делумно преку зближување на различни луѓе во општествена култура на тргување – секојдневен процес на изучување на туѓите јазици, општествени норми, права, очекувања, потреби и таленти.

Трговијата промовира мир преку поттикнување на луѓето на изградба на врски на меѓусебна соработка. Како што трговијата ги обединува економските интереси на Париз и Лио, на Бостон и Сиетел, на Калкута и Мумбаи, трговијата исто така ги обединува економските интереси на Пазриз и Портланд, на Бостон и Берлин, на Калкута и Копенхаген – на луѓето на сите нации кои тргуваат меѓусебно.

Огромен дел на емириски истражувања го поддржуваат принципот дека трговијата промовира мир.

Можеби најтрагичниот настан за тоа што може да се случи кога овој принцип е игнориран е Втората светска војна.

Помеѓу 1929 и 1932 меѓународната трговија се намали за 70 проценти, во голем дел и поради законот Смут-Хали за царинските стапки во 1930 во Америка  и поради возвратните царински стапки воведени од другите нации. Економистот Мартин Волф забележува дека „колапсот во трговијата беше огромен поттик за потрага zа самодоволност и на автаркија, посебно во Германија и Јапонија“.

Веднаш потоа следеа најсмртоносните војни во историјата. Со намалување на можноста за војна, трговијата спасува луѓе.

Трговијата спасува луѓе со зголемување на просперитетот и негово проширување на се поголем број луѓе.

Доказот дека слободната трговија промовира просперитет е едноставно несоборлив. Просперитетот им овозможува на обичните мажи и жени да живеат подолг и поздрав живот.

И, со подолг и поздрав живот, живеејќи помирен живот, луѓето интегрирани во лобалната економија имаат повеќе време да уживаат во широкиот спектар на културни искуства кои им ги овозможува слободната трговија. Културата е збогатена со различни придонеси од целиот свет, овозможено преку слободната трговија на добра и на идеи.

Без сомеж, слободната трговија го зголемува материјалниот просперитет. Но нејзиниот најголем дар не може да се измери со пари. Најголемиот дар се животите кои се послободни, по-полни, и со многу помалку изложени на можноста да бидат уништени од војни.

Според тоа, ние долупотпишаните, сме здружени заедно со молба до Владите на сите нации да им одолеат на повиците на катковидите и алчни граѓани за подигнување на бариерите на слободната трговија. Притоа, како дополнение им упатуваме повик за отстранување на моменталните протекционистички бариери на слободната трговија. На секоја Влада ние и велиме:  дозволете им на вашите граѓани да ги уживаат не само плодовите од вашите сопствени полиња, фабрики и гении но и од оние од целиот свет. Наградата ќе биде поголем просперитет, побогат живот, и уживање во благодетите на мирот.